Врховниот суд на Република Северна Македонија, на седницата на Одделот за граѓански дела одржана на ден 02.12.2019 година, го усвои следното:

# П Р А В Н О   М И С Л Е Њ Е

**Вработениот во јавниот сектор (административен службеник - работник) распореден со решение на работодавачот надвор од своето место на живеење има право на надомест на трошоци за превоз до и од работно место во случај кога нема организиран превоз, а во висина на најниските реални трошоци согласно член 21 став 1 алинеја 2 од Општиот колективен договор за службениците во јавниот сектор на Република Македонија.**

## О б р а з л о ж е н и е

Правното прашање дали на вработените во Јавниот сектор (административни службеници) им следуваат трошоци за превоз до и од работа, во случај кога превозот не е организиран од страна на работодавачот, а административниот службеник е упатен заради потреба на работодавецот на работно место надвор од местото на живеење, произлегува од поднесена иницијатива на адвокат согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите, со оглед дека има спротивставени ставови од страна на судовите при одлучувањето и носењето на судските одлуки, па се јавува потребата од воедначување на судската пракса и обезбедување на единство во примена на законите од страна на судовите.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, имајќи ја во предвид потребата од воедначување на судската пракса и обезбедување на единство во примена на законите, смета дека по однос на погоре наведеното правно прашање треба да се применат Законот за административните службеници, Законот за работните односи како и одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија.

Согласно член 93 став 1 алинеја 1 од Законот за административните службеници, административниот службеник има право на надоместоци на плата и други надоместоци согласно со овој закон и општите прописи за работни односи и тоа за патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и во странство, а согласно став 2 од истиот член висината на надоместоците од став 1 на овој член, за секоја година се утврдуваат со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, односно со Одлуката за извршување на Буџетот на Единицата на локалната самоуправа. Во став 3 стои дека Владата на Република Македонија поблиску го уредува начинот за распределување на надоместоците.

Согласно член 113 став 1 од Законот за работните односи, работникот има право на надомест на трошоци поврзани со работа, а во став 2 од истиот член е регулирано дека висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува со закон и Колективен договор.

Согласно член 21 став 1 алинеја 2 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија, работникот има право на надомест на трошоците за превоз до и од работа во случаи кога нема организиран превоз во висина на најниските реални трошоци.

Правото на тужителите за надомест на трошоци за превоз до и од работа во случаи кога нема организиран превоз во висина на најниските реални трошоци, регулирано е со погоре цитираните законски одредби како и со одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија и се работи за право кое е поповолно за работникот – тужителот.

Во конкретниот случај, со оглед на фактот што тужителите бараат трошоци за превоз до и од работа во случаи кога нема организирано превоз во висина на најниските реални трошоци (автобуски билет), а пониско од најниските трошоци не може да се утврди ниту пак да се определува и усогласува со Анекс договор на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија кој се носи на годишно ниво.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**